**Iskra Manojloska <iskra@ekosvest.com.mk>**

# Еко-свест: Инфо билтен за февруари 2026

1 message

**Eko** <info@ekosvest.com.mk> Mon, Mar 2, 2026 at 11:20 AM
Reply-To: Eko <info@ekosvest.com.mk>
To: iskra@ekosvest.com.mk

## Инфо билтен - февруари 2026


Барам стан
071 600 333

# #Природа

Рис, лисица, мечка бараат стан во Скопје. Огласи „Барам стан“ деновиве со појавија на многу локации во градот.

Животните си бараат стан бидејќи уништувањето на нивните природни живеалишта ги приморало да бараат спас во градот.

Сечењето на шумите, шумските пожари, се поголемата урбанизација на природните средини и малите хидроцентрали, се причини кои го загрозуваат опстанокот на овие животни.

Еко-свест преку оваа кампања сака да ја подигне свеста кај граѓаните за состојбата во која се наоѓаат животните во Македонија.

Видео




## Започна приказната за #SaveJablanica: Младите креативци во акција за нашата планина!

Беше направен првиот чекор кон заштита на еден од нашите највредни природни бисери. Во просториите на Europe House Struga се одржа првата информативна средба која го означи официјалниот старт на кампањата #SaveJablanica.

Учениците од СОУ “Д-р Ибрахим Темо” и СОУ “Нико Нестор” покажаа дека младите не се само набљудувачи, туку активни двигатели на промените. Преку оваа прва сесија, се информиравме за природните вредности на Јабланица и ги поставивме темелите за тоа како се гради јавна кампања која информира, мобилизира и инспирира.

Прочитај повеќе




## #Природата е приоритет

По успешната Меѓународна конференција за природа во Скопје, продолжуваме со уште посилен фокус на клучните теми кои ги обликуваат нашите екосистеми и општество, Ве покануваме да го резервирате 16 април за Националната конференција за природа.

Што ќе биде во фокусот?

- На претстојната конференција ќе ги отвориме најважните прашања за иднината на нашите природни богатства:
- Луѓето пред профитот: Дискусија за локалниот економски развој на заедниците наспроти корпоративниот профит.
- Локална моќ: Како заедниците да станат вистински двигатели на заштитата на природата.
- Шампиони на природата: Презентација на позитивни и инспиративни практики за заштита.
- Гласот на науката: Експертски решенија за реално унапредување на состојбите во заштитените подрачја.

📅 Датум: 16 април 2026 година

📍 Локација: Holiday Inn, Скопје

---

## Покана за јавна расправа

На веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање е објавено соопштение со кое се известува заинтересираната јавност дека инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта ја достави Студијата за оцена на влијание врз животната средина за Проектот: “Изградба на Коридор 10 Д , делница на Автопат: Прилеп – Битола“ во општина Прилеп, општина Битола и општина Могила.

Прочитај повеќе



## #Активно граѓанство

## Еко трампа

Одржливоста беше во фокусот на изминатиов викенд, каде околу 150 граѓани учествуваа на втората по ред „Еко трампа“, организирана од центарот за истражување и информирање

за животната средина „Еко-свест“.

Настанот го претвори Скопје во вистински центар на свесно консумирање, докажувајќи дека концептот на циркуларна економија станува сè попопуларен меѓу граѓаните.

Видео од Еко трампата

---



## Успешно решени случаи од алатката Зелен телефон

Во тек е отстранување на големо количество комунален отпад и градежен шут од речното корито на река Осојница после пријавување на алатката „Зелен телефон“.

Прочитај повеќе



Најдено потенцијално решение за решавање на повеќемесечен проблем во Општина Кисела Вода.

Прочитај повеќе

## #ЗеленТелефон

Зелен телефон - 071 600 333 - нов сервис на Еко-свест за советување, насочување и правна поддршка на граѓаните кои се подготвени за акција! Активирај се - не молчи, пријави, реагирај!



## #Води

На 16 февруари 2026 година, 60 ученици од ОУ „Блаже Конески“ во село Скудриње, Општина Маврово и Ростуше, учествуваа во креативна работилница посветена на богатиот биодиверзитет на Националниот парк Маврово. Под менторство на Билјана Димитрова и Милош Стојановиќ од ЗКУ „Колектив Ветерница – Партизанска штампа“, учениците низ техниките на цртање, боење и колаж ги истражуваа флората, инсектите и дивите животни од својот крај.

Прочитај повеќе

## Струга е само почеток – противзаконското работење во заштитените зони е закана за безбедноста на целата држава!

Алармантната состојба со водоснабдувањето во Струга, каде што водата од водоводната мрежа е прогласена за неисправна дури и како техничка, не е само локален инцидент. Ова е последен црвен аларм и јасен сигнал дека незаконското работење и издавањето дозволи за деструктивни активности во близина на изворите ќе предизвикаат колапс на водните ресурси во целата држава. Струга денес е жртва на децениско игнорирање, но доколку не се запре овој институционален молк, утре истиот проблем ќе го има секој град во Македонија.

Прочитај повеќе

Просумери

## #Енергија

## Што е паметно енергетско планирање?

Како Македонија да продолжи да го надградува своето лидерство во доменот на обновливите извори на енергија, задржувајќи ги плодната земја и убавата природа?

Концептот на паметно енергетско планирање го овозможува токму тоа!

Дознај повеќе

---

## Кој е интересот за енергетска заедница во Новаци?

## Еве што вели истражувањето на јавното мислење во Новаци

Анкетата е спроведена на 329 испитаници и укажува на значителен потенцијал за формирање енергетска заедница во Општина Новаци, иако постојат бариери кои бараат системски пристап и подобра поддршка од институциите.

Дознај повеќе



# #Клима

Со доаѓањето на пролетта, потсетуваме на кампањата „За Живот на Живиот свет“, која  има за цел да им се помогне на граѓаните подобро да ја разберат важноста на урбаниот биодиверзитет и што можат тие да направат за да

помогнат во ублажувањето на климатските промени и прилагодувањето на урбаниот живот кон последиците од климатските промени.

Дознај повеќе

# #Медиуми

- Еко-свест бара стоп за „Бошков мост“: проектот е спротивен на законите и ја загрозува иднината на Маврово (линк)
- Будење со Искра Манојловска - Ново издание на Еко трампа викендов во Скопје (линк)
- Одржана втората „Екотрампа“, граѓаните разменуваа облека, обувки, книги и модни додатоци (линк)
- Здраво Македонијо - 19.02.2026 - Еко-свест (линк)
- „Еко-свест“ со акција: Рисови и волци „бараат“ станови низ Скопје (линк)

Забелешка: Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката

ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Еко свест

View email in browser
Eko-svest · Sv. Kiril i Metodij 30/1-6 · Skopje 1000 · Macedonia
update your preferences or unsubscribe

INTUIT mailchimp